„PHILOLOGICAL STUDIES“ – Славистичко меѓународно интердисциплинарно списание од областа на хуманистичките науки

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за македонска литература – Скопје

***Philological Studies,* Vol. XXIV No. 2 (2026)**



Главен уредник

проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева – Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија

Извршен уредник:

д-р Тамара Ќупева – Институт за македонска литература. Скопје, Северна Македонија

Уредувачки одбор

проф. д-р Ивица Баковиќ – Факултет за хуманистички и општествени науки, Универзитет во Загреб, Хрватска

д-р Бојан Чолак – Институт за литература и уметност, Белград, Србија

д-р Нина Дитмајер-Прандо – Институт за словенечка литература и литературни студии, Љубљана, Словенија

проф. д-р Роберт Ходел – Институт за славистички студии, Универзитет во Хамбург Германија

проф. д-р Бранко Тошовиќ – Институт за славистички студии, Универзитет „Карл-Франц“ во Грац, Австрија

проф. д-р Оксана Микитенко – Институт за: уметнички студии, фолклор и етнологија „Максим Рилски“, Национална академија на науки на Украина, Киев, Украина

СОДРЖИНА / CONTENT

Предговор (мк) 17

Preface (en) 18

Предговор (ср) 19

Predgovor (sl) 20

Predgovor (hr) 21

Филозофски и културолошки проблеми / Philosophical-Cultural Problems

Ангелина Бановиќ-Марковска / Angelina Banović-Markovska

ВРЕМЕНСКАТА ДИМЕНЗИЈА НА ВИСТИНАТА КАЈ ДОСТОЕВСКИ И БУЛГАКОВ /

THE TEMPORAL DIMENSION OF TRUTH IN DOSTOEVSKY AND BULGAKOV 25-52

Историја и филологија / History and Philology

Дарин Ангеловски / Darin Angelovski

КАНОНСКАТА ПРЕТСТАВА ЗА ТВОРЕШТВОТО НА ПИСАТЕЛОТ ИВАН ТОЧКО И НЕГОВАТА НЕОБЈАВЕНА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА /

THE CANONICAL REPRESENTATION OF IVAN TOČKO'S WORK AND HIS UNPUBLISHED WRITINGS FOR CHILDREN 55-67

Јазикот во историско-културолошки контекст (компаративен аспект) / Word in Historical and Cultural Context (Comparative Aspect)

Андреј Стојановски / Andrej Stojanovski

ПАРОДИЈАТА И ХИПЕРБОЛАТА / PARODY AND HYPERBOLE . 71-92

Литературата во интеркултурен контекст / Literature in Intercultural Context

Вељко С. Ивановић / Veljko S. Ivanović

ИДИОТ СТАНИСЛАВА ВИНАВЕРА: *РАТНИ ДРУГОВИ* И ТРАГОВИ РУСКЕ КУЛТУРЕ /

THE IDIOT OF STANISLAV VINAVER: *WAR COMRADES* AND MARKS OF RUSSIAN CULTURE 95-129

Јована Караникиќ Јосимовска, Анастасија Ѓурчинова / Jovana Karanikikj Josimovska, Anastasija Gjurčinova

ИТАЛИЈАНСКИТЕ ПРЕВОДИ НА МАКЕДОНСКИТЕ КЛАСИЦИ:КОНЕСКИ И УРОШЕВИЌ ПРЕД ЧИТАТЕЛИТЕ ВО ИТАЛИЈА /

ITALIAN TRANSLATIONS OF MACEDONIAN CLASSICS: KONESKI AND UROŠEVIĆ FOR ITALIAN READERS 131-155

Ivica Baković

MAKEDONSKI KLASICI U HRVATSKOJ: PRIJEVODNA RECEPCIJA MAKEDONSKE KNJIŽEVNOSTI I MAKEDONSKOG KNJIŽEVNOG KANONA U HRVATSKOJ OD 1991. DO 2025. /

MACEDONIAN CLASSICS IN CROATIA: THE TRANSLATIONAL RECEPTION OF MACEDONIAN LITERATURE AND THE MACEDONIAN LITERARY CANON IN CROATIA FROM 1991 TO 2025 157-196

Ivana Latković, Ana Marić

SPISATELJICE U, OKO I ONKRAJ KANONA JUŽNOSLAVENSKIH KNJIŽEVNOSTI /

WOMEN WRITERS WITHIN, AROUND, AND BEYOND THE CANON OF SOUTH SLAVIC LITERATURES 197-225

Снежана Николић / Snežana Nikolić

БАГДАЛА (1954) КАО ЗАЧЕТАК ПОЕТИКЕ ФРАГМЕНТАРНОСТИ И КОЛАЖИРАЊА У СТВАРАЛАШТВУ ДУШАНА МАТИЋА /

BAGDALA (1954) AS THE ORIGIN OF THE POETICS OF FRAGMENTARINESS AND COLLAGE IN THE OEUVRE OF DUŠAN MATIĆ 227-249

Гоце Смилевски / Goce Smilevski

ЗОШТО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ Е ОТСУТНА ОД *ЗАПАДНИОТ КАНОН* НА ХАРОЛД БЛУМ? /

WHY MACEDONIAN LITERATURE IS ABSENT FROM HAROLD BLOOM'S *WESTERN CANON* 251-267

Марко С. Тошовић / Marko S. Tošović

УСМЕНА ПРИЧА И ТИШИНА У РОМАНУ КОД ХИПЕРБОРЕЈАЦА МИЛОША ЦРЊАНСКОГ /

ORAL STORYTELLING AND SILENCE IN THE NOVEL AMONG THE HYPERBOREANS BY MILOŠ CRNJANSKI 269-290

Jakov Milovac

ĐAVOLSKA ZVIJERI, ČUDNO SAZDANA: FOKALIZACIJA I ROD U IGRI S ĐAVOLOVIM REPOM VITOMILA ZUPANA /

DEVILISH BEAST, STRANGELY MADE: FOCALIZATION AND GENDER IN VITOMIL ZUPAN'S GAME WITH THE DEVIL'S TAIL... 291-306

Марија С. Цветићанин / Marija S. Cvetićanin

ОБЛИЦИ СМЕХА У ПРИПОВЕДНОМ СТВАРАЛАШТВУ ЛАЗЕ ЛАЗАРЕВИЋА /

FORMS OF LAUGHTER IN THE NARRATIVE CREATION OF LAZA LAZAREVIĆ 307-322

Matija Ivačić, Ivan Moharić

PANSLAVIZAM JÁNA KOLLÁRA U ODABRANIM DJELIMA HRVATSKIH ILIRSKIH PJESNIKA (ADOPCIJA I TRANSFORMACIJA)

JÁN KOLLÁR'S PAN-SLAVISM IN SELECTED WORKS OF CROATIAN ILLYRIAN POETS (ADOPTION AND TRANSFORMATION) 323-350

Современото општество во културата, јазикот и литературата / Modern Society in Culture, Language and Literature

Јасмина Мојсиева-Гушева / Jasmina Mojsieva-Gusheva

ПРИРОДАТА ВО МАКЕДОНСКИТЕ НАРОДНИ БАЛАДИ (Еколошки и семантички пристап) /

NATURE IN MACEDONIAN FOLK BALLADS (An Ecological and Semantic Approach) 353-375

Проучување на говорот и лингводидактика / Speech Studies and Language Didactics

Симона Груевска-Маџоска / Simona Gruevska Madjoska

СИНОНИМИЈАТА И ЛЕКСИЧКО-СЕМАНТИЧКАТА АКУМУЛАЦИЈА ВО РОМАНИТЕ НА ГОЦЕ СМИЛЕВСКИ (Семантички и стилистички аспекти) /

SYNONYMY AND LEXICO-SEMANTIC ACCUMULATION IN THE NOVELS OF GOCE SMILEVSKI (Semantic and Stylistic Aspects) 379-400

Рецензии и информации / Reviews and Information

Тамара Бабић / Tamara Babić

О ЈЕДНОЈ ПРЕКООКЕАНСКОЈ ЧЕЖЊИ / ON A TRANSEOCEANIC LONGING 403-406

Наталија Благојевић / Natalija Blagojević

ИЗМЕЂУ ПОЈМА И ТУМАЧЕЊА: VADEMECUM КАО САВРЕМЕНИ ВОДИЧ КРОЗ ИСТОРИЈУ УМЕТНОСТИ /

BETWEEN CONCEPT AND INTERPRETATION: VADEMECUM AS A CONTEMPORARY GUIDE THROUGH ART HISTORY 407-409

Валентина Миронска-Христовска / Valentina Mironska-Hristovska

ХРИСТИЈАНСТВОТО ВО ЦРНОГОРСКИОТ ДУХОВЕН И КУЛТУРНОИСТОРИСКИ ИДЕНТИТЕТ /

CHRISTIANITY IN THE MONTENEGRIN SPIRITUAL AND CULTURAL-HISTORICAL IDENTITY 411-421

Љубица Д. Нешић / Ljubica D. Nešić

СВЕТИ САВА У ИСТОРИЈИ, ТЕОЛОГИЈИ И УМЕТНОСТИ /

SAINT SAVA IN HISTORY, THEOLOGY, AND ART..... 423-428

Билјана Ристовска-Јосифовска / Biljana Ristovska-Josifovska

ТРКАЛЕЗНАТА МАСА „АКАДЕМСКИОТ ПРОФИЛ НА КРСТЕ МИСИРКОВ“ – ПО ПОВОД 150-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО /

ROUND TABLE "THE ACADEMIC PROFILE OF KRSTE MISIRKOV" – ON THE OCCASION OF THE 150th ANNIVERSARY FROM HIS BIRTH (SKOPJE, 18 NOVEMBER 2024)..... 429-435

Бојан Чолак / Bojan Čolak

СИНТЕТИЧКИ ХОРИЗОНТИ НУШИЋЕВОГ ДЕЛА: О МОНОГРАФИЈИ *КЊИЖЕВНИ СВИЈЕТ БРАНИСЛАВА НУШИЋА* ГОРАНА МАКСИМОВИЋА /

SYNTHETIC HORIZONS OF NUŠIĆ'S WORK: ON THE MONOGRAPH *THE LITERARY WORLD OF BRANISLAV NUŠIĆ* BY GORAN MAKSIMOVIĆ..... 437-441

UDK: 27(497.16)(049.3)
UDK: 930.85(497.16)(049.3)

ХРИСТИЈАНСТВОТО ВО ЦРНОГОРСКИОТ ДУХОВЕН И КУЛТУРНОИСТОРИСКИ ИДЕНТИТЕТ
(Илија Велев, Матица црногорска, Подгорица, 2024, превод на Иван Ивановиќ)

Валентина Миронска-Христовска
Институт за македонска литература, Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0003-3124-326X

CHRISTIANITY IN THE MONTENEGRIN SPIRITUAL AND CUTURAL-HISTORICAL IDENTITY
(Ilija Velev, Matica crnogorska, Podgorica, 2024, translated by Ivan Ivanović)

Valentina Mironska-Hristovska
Institute of Macedonian Literature
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0003-3124-326X

Двотомното издание „Христијанството во црногорскиот духовен и културноисториски идентитет: I Од појавата на христијанската религија, цивилизација и култура до падот на династијата Војислављевиќ 1189“ (стр. 367) и II „На раскрсницата на христијанскиот запад и исток од почетокот на XIII век до самракот на државата Црна Гора во 1920“ *(*стр. 466) од проф. д-р Илија Велев претставува капитално дело за црногорската духовна и културна историја, но истовремено неговата вредност има и глобална димензија поради длабинското проникнување од страна на авторот во појавата и развојот на христијанството и неговото проследување во глобалните културни процеси и политики. Изданието има исклучително значење и поради вонредно интердисциплинарната анализа на проследениот материјал преку која го следи развојот на црногорската културна историја и истовремено ни нуди сознајби,

факти, податоци и за тековите на јужнословенските, балканските, словенските културните истории, па и пошироко. Притоа авторот длабински ги анализира милениумските културни процеси, верските и политичките прашања, воените конфликти и смените на династиите, религиските и филозофските текови, развојот на писменоста и на книжевните процеси, од античко време па се до почетокот на XX век. Поради тоа, изданието може да се нарече историја на: христијанството; црногорскиот национален идентитет; црквите на Балканот; делото на светите браќа Кирил и Методиј; средновековната книжевност; (пред) просветителството; преродбата. Притоа, консултираниот квантум на библиографски единици, му овозможило на проф. д-р Велев да ги согледа недореченостите по некои прашања, недоволно проучените процеси, на кои суверено дава одговори, при што во потрагата по одговорот секогаш гледа од глобална перспектива.

Во првиот том, кој е составен од шест поглавја, проф. д-р Илија Велев суштински проникнува во историско-културолошките текови од појавата на христијанството па се до крајот на XII век. Во првото поглавје „Појавата и еволуцијата на христијанството од религија до цивилизација и култура“, авторот со извонредна аналитичка метода, хронолошки не воведува во појавата на „христијанскиот културен феномен“, на „христијанството како вероисповест и како нов корпус од верувања“, во време, кога се појавиле глобални услови кои овозможиле старата ера да биде „надмината од нови, длабоки и сеопфатни општествени промени и предизвици“. Хронолошкото проследување авторот го започнува преку: анализа на „Новиот завет“; христијанските апологети и нивните проповедно-поучни и полемички дела; формирањето на богословските центри, додека развојни фази ги проследува преку дејноста на Диоклецијан, Максимилијан, Константин I, на христијанската патристика, се до VI век, кога „христијанската цивилизација била втемелена во историски супстрат како глобална, духовна и културноисториска традиција“. На крај, авторот преку вонредната аналитичка, критичка и компаративна вештина во промислувањето на историските, културните, социолошките и

политичките околности во повеќевековниот период, истакнува дека присуството и развојот на христијанството на етногеографскиот простор на денешна Црна Гора е бележито уште од апостолското време и претставува нераскинлива традиција и континуитет на црногорскиот духовен и културноисториски идентите.

Во второто поглавје „Претхристијанската цивилизациска коегзистенција во илирско духовната и културноисториската традиција на етногеографскиот простор на Црна Гора“, проф. Велев навлегува во сржта на процесот, на појавата на Илирите, и на низа племиња, како Лабеатес, Доклети, Пирусти, Скиртони итн., за кои бележи дека доаѓало до извесни нивни духовни и културни преплетувања, но дека опстојала изворната илирска духовна и културна традиција и покрај честите контакти со хелинистичките, класичномакедонските, келтските, тракиските или римските верувања и со нивното културно живеење, при што наведува бројни сознајби за илирската религија, митологија, културноисториска традиција, за класичноилирскиот јазик преку илирското усно епско творештво, во античките теолошки и поетолошки основи, за кои бележи дека се задржале и во современата традиција на црногорската народна епика, по што оценува дека Црногорците имаат суверено право двомилениумскиот христијански духовен и културноисториски идентитет да го поврзуваат и со претхристијанскиот континутет на илирската традиција.

„Појава и воспоставување на ранохристијанската традиција во илирската Превалитина (префектура) и Дукља“ е третото поглавје во кое проф. д-р Велев компаративно го проследува преплетувањето меѓу илирското и доселеното римско население и истакнува дека „Историските и материјалните сведоштва потврдуваат дека автохтониот и конзервативниот илирски елемент се покажа доста жилав и силен во самоодбраната од процесот на романизацијата“, па затоа процесот на романизација никогаш не бил доведен до крај. Појавата на христијанството во етногеогрфска Црна Гора, авторот ја потврдува преку индиректни извори, како од престојувањето на апостолите Марко и Андријан на источното јадранско приморје и библиските

легендарни сведоштва дека апстол Петар во текот на своето патување за Рим ја засновал традицијата на ранохристијанската црква во Будва, преку: Диоклециоповите духовни и политички реформи; владеењето на имераторот Константин I; префектурата Дукља; градбата на христијански храмови во IV век; преводната дејност итн. Научната профилација на проф. Велев му овозможува вонредно да ја проследи и поларизацијата меѓу црковниот Исток и Запад, воено-политичкиуте прилики, смената на императорите, развојот на Византија, по што заклучува дека на просторот на Превалина и Дукља, историјата на христијанството не почнала како „маргинален историски и цивилизациски процес“, туку напротив еднакво како и во преостанатите развиени христијански средини во глобалниот римски и византиски свет и констатира дека ранохристијанското црковно организирање било автохтоно, феномен со двомилениумски континуитет во црногорскиот духовен и културноисториски идентитет.

Четвртото поглавје „Христијанска и словенодукљанска цивилизациска симбиоза меѓу VII и IX век во црногорскиот духовен и културноисториски идентитет“, проф. Велев, го започнува со констатацијата дека преку исклучително динамичките процеси во втората половина на VI век, генерално била завршена духовната и културната симбиоза на илиродукљанскиот антички колективитет. Во овој дел, авторот со особен интерес го проследува развојот и појавата на историјата на црковното пеење, за кое истакнува дека не е проучено до сега, па бележи дека на преминот од VI во VII век дошло до извесно стандардизирано црковно пеење во христијанската литургиска практика на просторите на денешна Црна Гора, со примена на грегоријанското црковно пеење. Од деталното, аналитичко истражување при исписот на ова огромно и по материјал и по значење дело, авторот констатира дека во тој период државата и христијанската црква воспоставиле потесни меѓусебни односи, и била отворена новата историска епоха. Како исклучителен медијавелист проф. Велев, преку вонредна анализа го проследува развојот на павликијанството, бележи за големите народни преселби, за наездите на аварските племиња, за издигнувањето на

Дукљанска склавинија итн. По согледбата на сложениот процес, авторот оценува дека домородното население повторно се нашло пред нов процес на симбиоза, при што претходно стекнатиот меѓуетнички и интеркултурен живот овозможил да се постигне поспонтана цивилизациска симбиоза на илирско-дукљанско население со словенските племиња во граѓанско „словеноилирски“ – „словенодукљански колективитет“, и дека таа симбиоза била плод на функционирањето на два движечки фактори: „христијанизацијата“ и „словенизацијата“.

Во петтото поглавје „Кирилометодиевско сесловенско просветителство во црногорскиот духовен и културноисториски континуитет“, како покренувачи во новата цивилизациска епоха, проф. Велев, ги наведува следниве фактори: византиската глобализација, Големите народни преселби, доктрината на христијанизацијата, активирањето на интеретничката и интеркултурната симбиоза меѓу затечените илирски домородни и колонијални словенски заедници во идниот повеќеслоен словенско дукљански колективитет, дејноста на светите Константин-Кирил и Методиј. Во продолжение, како врвен познавач на мисионерската, просветителската, дипломатската дејност на светите браќа Кирил и Методиј, проф. Велев се задржува на нивната дејност, на изворите, на ракописното наследство за нив, преку критичко-историската анализа на „Летописот на попот Дукљански“, при што ќе констатира дека легендарниот дукљански летопис првин бил напишан на словенски јазик пред XII век. Во овој дел ги проследува и глобалните процеси кои директно или индиректно влијаеле на територијата на словенска Дукља. Од вонредно аналичкиот оптикум на проф. Велев следува оценката дека глобално активираниот сесловенски просветителски процес се одвивал преку три политички фази, кои ги елаборира, по што заклучува дека изворните идеи на кирилометодиевската сесловенска мисионерска дејност биле директно инволвирани во дукљанските духовни, културни и книжевни центри. Во продолжение, се задржува на устројството на глаголицата, истакнувајќи дека кодифицираниот старословенски јазик проникнал од македонската народна словенојазична основа, а бележи и за

културната застапеност на словенските просветители и нивните следбеници во Црна Гора.

Последното поглавје од првиот том „Христијанска и притоа словенска етнографска еманципација во Дукља“ проф. д-р Велев се задржува на владеењето на Владимир Дукљански и на династијата Војислављевич, при што бележи дека духовниот и културнуиот развој од крајот на IX век и во првата половина на X век во Дукља и во преостанатите етнографски доминантно словенски средини, продолжил во специфични услови. Во продолжение информира за Светиклиментовата охридска духовна и книжевна школа во која единствено продолжиле изворните сесловенски просветителски идеи на Св. Кирил и Методиј, за прогласувањето на Охридската патријаршија, за „своевидната монашка и богословска република на Балканот“ – Света Гора, во југозападниот дел на етногеографска Македонија. Во продолжение, истражувачкиот поглед на проф. Велев со особено внимание е насочен кон потрага по континуитетот на словенкиот духовен и културноисториски развој на Дукљанската архонтија, наспрема усвоеното мислење за неговиот дискунтинутет, па истакнува дека „Таму словенските духовни и културноисториски перспективи во посткирилометодиевскиот период биле директно поттикнувани преку односот, врските и влијанието на Светиклиментовата охридска духовна и книжевна школа“, при што наведува бројни сознајбите за македонските комитопули, за средновековната држава на македонските Словени, за Самуиловата држава, која имала најтесни воспоставени врски со Дукљанското словенско кнежество преку две фази, детално информира за пријателството меѓу Самуил и Владимир, како и за неговиот бракот со ќерката на Самуил, македонската принцеза Косара, за воспоставувањето на нивните култови во Македонија итн. Во овој дел проследува и бројни историски настани, востанијата на Доброслав и Петар Дељан, завладувањето на Дукља од страна на Стефан Немања, детронизирањето на државата и на самостојната јурисдикција на дукљанската црквена диецеза, Дукљанско-барска надбискупија.

Вториот том започнува со поглавјето - VII „По пропаѓањето на државата Дукља и пред раскрсницата на меѓусловенското

дезинтегрирање“ во кое е опфатен периодот од крајот на династијата Војислављевиќ, до почетокот на владеењето на Балшиќ , за кој проф. Велев истакнува дека е период во кој во Дукља / Црна Гора до крај се реализирала христијанската и словенската етнографска еманципација, дека бил воспоставен трајниот државен легитимитет, дека црногорскиот народ го доживеал самопрепознавањето на посебниот духовен, културноисториски и етнички идентитет, кои како суверенитет на Црногорскиот народ останале до денеска. Во овој дел, авторот ги следи Дукљанско-рашката војна, воено-политичкото слабеење на Византија, при што оценува дека „Длабоко вкоренетата дукљанска духовна и културна традиција не можела да се искорени преку воено-освојувачкото наметнување на рашката врховна власт“. Притоа во потрага по континуитетот, накратко ја проследува историјата на новосоздадените држави Србија и Бугарија, на влијанието на Охридската архиепископија врз христијанските цркви, тенденцијата за припојување на делови од дијацезата на Барската надбискупија во православната Жичка архиепископија на Сава Немањиќ, бројни конфронтации и конфликти итн. За овој период проф. Велев истакнува дека на просторот на Црна Гора се пробивале новите духовни и книжевни тенденции, дека во црногорските духовни и културни центри започнале да партиципираат – во ограничена мера митскиот експресионизам и доминантно рационалистичката логика, односно дека започнале ренесансните форми на цивилизацискатa трансформација, по што следуваат и вонредни анализи на неколку црногорски ракопис.

Во поглавјето VIII „Континуитетот на духовната и културноисториска традиција за време на обновата на црногорската државна самостојност“, проф. д-р Велев го проследува владеењето на династиите на Балшиќ и на Црноевиќ, дава историографските податоци за заложбите во Зета за политичка дезинтеграција од државата на Немањиќ, додека за цивилизацискиот и културниот развој оценува дека во периодот на владеењето на Балшиќ црногорското општество почнува да ги спојува меѓусебните односи на духовните, културните, социолошките и хуманистичките елементи на животот, и дека во

тоа време може веќе да се препознае и овозможувањето на просперирањето на граѓанскиот фактор, креирањето на урбан и интелектуален потенцијал, на културноисториски достигнувања, па се задржува на „Цетинскиот псалтир“, на „Врањинско или Зетско четвороевангелие“. За периодот од 1421 до 1451 година, проф. Велев истакнува дека „бил попогоден за цивилизациска дестилација од наталожените примеси од претходниот хаосот на различните односи, врски и влијанија“, па на вонреден начин навлегува во идејните конфронтации меѓу исихастичките мистичари и схоластичарите рационалисти, потоа го проследува владеењето на династијата Црноевиќ, за кое авторот оценува дека успеала да го консолидира целосниот суверенитет на црногорската држава, јурисдикциски да ја направат Црногорската православна епархија независна, да го подготват црногорскиот народ за понатамошна културна интеграција со народите во новите глобални развојни перспективи, поточно дека претставува траен граничник на историската ера кога црногорскиот, српскиот, босанскиот и хрватскиот духовен и културноисториски идентитет широко се оддвоиле еден од друг во различни текови кон посебна етнографска еманципација.

„Црногорскиот духовен и културноисториски идентитет на православно-христијанската, средновековната и притоа медитеранска рута“, е деветтото поглавје во кое проф. Велев го следи преминот од просветителската традиција и преродбата меѓу XVI и првата половина на XIX век. За овој период авторот оценува дека претставува своевиден феноменолошки одраз на историското продолжување на постцрноевиќевите процеси и настани, и кои се појасно го истакнуваат „самопотврдувањето“ на црногорскиот духовен и културноисториски идентитет. Притоа, развојот на црногорската традиција го согледува преку влијанието на трите влијателни фактори: османлиското освојување; учеството на источноправославната црква во духовниот и културниот живот во земјата и ослабнувањето од римопапското духовно влијание. Притоа авторот истакнува дека Црногорците ја одржувале свеста за посебната припадност преку нивните народни верувања, обичаи и патријархаланата традиција, што не треба да се толкува како карактеристики на

„племство“, туку како „историска црногорска авангардност“. Во продолжение, согледувајќи дека Цетинскиот поглавар бил одбиран самостојно, на „Општоцрногорскиот собор“, и кој не бил ракоположен од страна на пеќките или на цариградските патријарси, проф. д-р Велев, Црногорската црква ја дефинира како „народна“ црква. Во продолжение следува преглед на црквоните митрополи; се задржува на масовната изграба или обнова на источноправославните цркви и манстири; на појавата и развојот на просветителските идеи во Црна Гора, за кои бележи дека биле двосмерни: (прет)просветителски, блиски до формата дамаскинарство и (нео)просветителските културолошки процеси кои доаѓале од Венеција, Италија, Франција, Словенија, Хрватска (Далмација) и Дубровник; го следи процесот на трансмисијата на барокната книжевност; а сублимирано не води низ историскополитичките и воените збиднувања, како и преку дејноста на црногорските владети.

Во поглавјето „Премостувањето на црногорскиот духовен и културноисториски идентитет од трасиција до современост“, проф. Велев бележи дека ако Црногорскиот принципат во првата (1496-1697) и во втората развојна фаза (1697-1851) историски го одржал и трајно го загарантирал црногорскиот духовен и културноисториски идентитет, во периодот од средината на XIX век до првите децении на XX век уследило црногорското етнографско пристапување кон новото современо време, односно дека по смртта на Петар Петровиќ Његош официјално било прекинато владарското функционирање, и Црна Гора започнала да ги следи модерните облици на устројство на европските политички општества. Во продолжение ги проследува политичките текови, држано-политичката преорјентација на Црна Гора како кнежество, дипломатската дејност на кнезот Данило II Петровиќ Његош, за која смета дека се уште не е доволно проучена, владеењето на Никола Петровиќ, за напредувањето на Црногорска православна црква, при што авторот оценува дека значајно стагнирало поради нејзината детронизирана поглаварска положба и поради недовршеното јурисдикциско уредување за време на Данило II. Во однос на книжевните процеси, проф. Велев истакнува дека во втората

половина на XIX век и првите две децении на XX век, се типологизирала автентичноста на новата црногорска книжевност, која се ослонувала на традиционалниот фолклор и морализаторското-дидактичко искуство, што претставувало премостување на традицијата кон современите идејни тенденции и творечките форми, согледувајќи ги преку двата еминентни книжевни кругови: Бокакоторскиот и Пљеваљскиот.

Во последното, единаесетто поглавје „Дисконтинуитетот на традицијата и современоста“, проф. Велев дава преглед за состојбата на црквата во интегрираната нова држава Кралството СХС, при што поради политичките околности се оделе кон тоа Црногорската црква да стане дел од новата обединета помесна црква, за што проф. Велев укажува дека иницијата за самоукинувањето на Црногорската црква е едно од прашањата кое бара подетални истражувања. Според авторот црковното прашање, а и другите политичко глобални настани се горки за просторот на Балкан, поради контраверзните искуства и создадените вредности од народите на Балканот, кои низ векови живееле еден до друг и едни со други, поради што индивидуалното чувство е пропратено со колективната меморија. На крајот проф. Велев истакнува дека црногорскиот национален колективитет опстанал преку наследената духовна и културна меморија од минатото, и дека христијанството како религија, цивилизација и култура на живеење останало наталожено во црногорскиот духовен и културноисториски идентитет – како традиција и современост.

Исписот на ова вонредно капитално дело е резултат на аналитично и промислено спроведено истражување од страна на проф. д-р Илија Велев, на неговата вонредна акрибија да го систематизира и анализира огромнот квантум на податоци, да ги проследи глобалните духови, политички, општествени, филозофски, книжевни процеси, да проникне во неоткриеното со што ни дава едно вонредно милениуско научно патување низ лавиринтите на римските антички искуства, на ранохристијанскиот духовен и културен процес, на ранофеудалните развојни предизвици, на средновековните и просветителски текови. Посветените истражувања и вонредните

познавање на проф. д-р Велев му овозможуваат длабоко да проникне во следот на појавата и развојот на христијанството и преку интердисциплинарното толкување за првпат да го расветли континуитетот на автохтоноста на црногорскиот духовен и културноисториски идентитет.